South Eastern Europe SWG RRD Regional Rural Development Standing Working Group

ABD PROGRAMME Area Based Development Programme in the Western Balkan countries

Project funded by the European Union

# "Поттикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот за интеграција кон ЕУ"

## Записник од 17-тиот состанок на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион “Шара”

SHARRA
CROSS-BORDER REGION

**20 Април, 2017**

**Јегуновце, Македонија**

## I. ВОВЕД

**Време и место:**

20 април, 2017, ресторан "Антонио", Општина Јегуновце, Македонија

**Учесници:**

Структурата на учесниците на 17-тиот состанок на Групата на засегнати страни (ГЗС) вклучуваше 11 членови на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара". Состанокот беше организиран и модериран од страна на Главната канцеларија на SWG и канцеларијата на ЕУП за "Шара".

Целосната листа на учесници на состанокот можат да се најдат на:

**ANNEX 1**: List of participants_17th Sharra SHG Meeting

## II.ПРОГРАМА НА СОСТАНОКОТ:

### ПРОГРАМА

10:30 – 11:00 **Пристигнување на учесниците**

11:00 – 11:15 **Поздравен говор**

*Г-дин Дарко Спасоски, Општина Јегуновце*
*Г-дин Фламур Сулејмани, Потпретседател на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион "Шара"*

11:15 – 12:10 **Преглед на активностите во рамки на ЕУ проектот "Потикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција" поврзани со имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион "Шара"**

*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион “Шара“*
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион “Шара”*

12:10 – 12:30 **Информативна сесија за резултатите од вториот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата**

*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион “Шара”*

12:30 – 12:45 **Заклучоци и идни активности**

12:45 - 13:00 **Изјави за медиуми**

13:00 – 14:00 **Ручек**

**Заминување на учесниците**

## III. ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ

Редовниот 17-ти состанок на Групата на заинтересирани страни имаше за цел да ги претстави тековните и идните активности во врска со АБДА во прекуграничниот регион “Шара“, нови информации во врска со регионот, како и информации за предвидени активности во рамки на проектот "Поттикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот за интеграција кон ЕУ", со главен фокус на резултатите од реализацијата на проектот и можни идни активности и нови проекти.

Теми на состанокот беа следните:

- Преглед на активностите во рамки на ЕУ проектот "Потикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција" поврзани со имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион “Шара”;

- Информативна сесија за резултатите од вториот повик на АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата.

South Eastern Europe SWG RRD Regional Rural Development Standing Working Group | ABD PROGRAMME Area Based Development Programme in the Western Balkan countries | Project funded by the European Union

**<u>Записник од состанокот</u>**

Состанокот беше отворен со поздравни говори од страна на г-дин Дарко Спасоски, Секретар на Општина Јегуновце и г-дин Фљамур Сулејмани, Потпретседател на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион “Шара”, кои им посакаа добредојде на сите учесници и ја нагласија важноста на регионалната соработка за сеопфатен развој на регионот и ја изразија својата поддршка во однос на активностите кои ги спроведува SWG и Групата на засегнати страни за “Шара” во регионот.

Во име на канцеларијата на Единицата за управување со проекти на SWG за прекуграничниот регион “Шара”, Регионалниот координатор г-дин Емрула Спахиу им посака добредојде на сите учесници и им се заблагодари на нивното учество. Тој уште еднаш ја истакна важноста на редовните состаноци на ГЗС, како и важноста на активната улога на заинтересираните страни во регионалните иницијативи и активности за развој на регионот.

Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка за прекуграничниот регион “Шара”, детално ја презентираше програмата на состанокот и темите кои треба да се дискутираат.

## <u>Сесија I</u>

### Преглед на активностите во рамки на ЕУ проектот "Потикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција" поврзани со имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион “Шара”

Првата сесија вклучи презентација на генералните достигнувања во рамки на периодот Јуни 2015 – Април 2017 од имплементацијата на проектот финансиран од Европската Унија "Потикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција", нагласувајќи ги целите на проектот во однос на спроведувањето на АБД пристапот во прекуграничниот регион “Шара”.

Сесијата вклучуваше информации во однос на резултатите од успешно реализираните настани од програмата "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара". Во текот на оваа фаза од спроведувањето на проектот вкупно девет регионални настани беа успешно реализирани и нивното влијание успешно ја подобриле регионалната соработка и придонеле за економски развој на регионот.

Во вториот дел од презентацијата беа презентирани резултатите од осумте состаноци на Групата на засегнати страни кои беа одржани во текот на оваа фаза од имплементацијата на проектот. Регионалниот координатор и Регионалната менаџерка им се заблагодарија на членовите на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара за нивната поддршка во спроведување на активностите во оваа фаза од проектот.

Во текот на сесијата, Регионалната менаџерка и Регионалниот координатор ја нагласи важноста на интегрираниот економски развој како платформа за соработка помеѓу локалното население, бизнис секторот, фармерите и руралната заедница во прекуграничниот регион, преку организирање на заеднички активности, споделување на информации за ресурси и промоција на заедничката понуда.

## <u>Сесија II</u>

### Информативна сесија за резултатите од вториот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата

Во последната сесија, Регионалната менаџерка, г-а Бојана Јовановска, презентираше информации за процесот на аплицирање и евалуација во рамки на вториот повик од АБД Грант шемата во прекуграничниот регион "Шара". Таа презентираше бројки во однос на проектните апликации, напоменувајќи дека очекувањата за вториот повик во прекуграничниот регион "Шара" беа исполнети. Вкупно беа поднесени четиринаесет проектни апликации, од кои единаесет проектни апликации од Косово*, две од Албанија и една од Македонија. Одобрените проекти се: во Македонија – една проектна апликација (двајца апликанти) и во Косово* - пет проекти (шест апликанти).

* Ваквото определување е без оглед на статусот и истото е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата во врска со декларацијата за независност на Косово.

Во меѓувреме, заради недоволен фонд на средства за грантовите, две проектни апликации кои го поминаа процесот на евалуација со потребните освоени бодови, беа ставени на листа на чекање за можна идна поддршка. Исто така, беше нагласено дека поднесените проектни апликации се главно фокусирани во секторите на земјоделство и туризам.

## Заклучоци и идни активности

Во рамки на последната сесија беа донесени следните заклучоци:

- Сегашната фаза од проектот финансиран од ЕУ "Потикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција" имплементиран во периодот Јуни 2015 – Април 2017, во прекуграничниот регион Шара, вклучи спроведување на регионални активности, како што се состаноци на Групата на засегнати страни, настани во рамки на програмата "Луѓе за луѓе", работилници за градење на капацитети за членовите на Групата, поддршка во процесот на развивање на проектни апликации, итн;
- Спроведувањето на проектот овозможи можности за организирање на регионални настани кои придонесоа за подобрување на локалната и регионалната економија, но и шанса за луѓето од соседните држави подобро да ја запознаат меѓусебната култура и традиција;
- Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион Шара треба да продолжи со вклучување на нови засегнати страни, особено од бизнис секторот и по можност да работи на развивање на заеднички бизнис идеи;
- АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата претставуваше добра можност за подобрување на руралниот развој во прекуграничниот регион Шара;
- На крајот од состанокот беше организирана прес конференција со локални и национални медиуми со цел да се промовираат и споделат информации во однос на одржување на редовниот состанот на Групата на заинтересирани страни за прекуграничниот регион Шара и затворањето на проектот "Потикнување на регионалната соработка и рамномерен

територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција" финансиран од Европската Унија.

**Подготвено од:**

Емрула Спахиу
Регионален координатор за прекуграничниот регион “Шара”

Бојана Јовановска
Регионална менаџерка за прекуграничниот регион “Шара”

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на СВГ РРД и истиот во никој случај не ги изразува ставовите на Европската Унија.*